ФОНДАЦИЈА
ИЛИЈА КАМЧЕВ

Врз основа на член 13 од Статутот, програмата за дејствување за 2012 година и Одлуката на Управниот одбор бр. 02/03-01 од 12.01.2012 година и со цел за реализирање на своите програмски определби,
Фондацијата ИЛИЈА КАМЧЕВ на ден 11.02.2012 година објавува

# КОНКУРС

## За доделување 2 (две) стипендии за специјализација по анестезиологија со интензивно лекување

Се доделуваат две стипендии за лица доктори по медицина за специјализација по анестезиологија со интензивно лекување:

### 1. УСЛОВИ ЗА ДОДЕЛУВАЊЕ НА СТИПЕНДИЈАТА

- Кандидатите да се доктори-специјализанти во втора половина на специјализација по анестезиологија со интензивно лекување (завршена втора година), според Правилникот за специјализациите и субспецијализациите на здавствените работници и здравствените соработници со високо образование (Сл. весник бр. 89/2006) и желба за усовршување во субспецијалност по кардио-анестезија.
- Во текот на студиите да постигнале најмалку 8,0 (осум) просечен успех
- Да имаат објавено научни трудови, учество на конгреси, семинари и учество во workshop-ови
- Да се државјани на Република Македонија
- Одлично познавање на Англиски јазик

### 2. ПОТРЕБНИ ДОКУМЕНТИ

- Молба
- CV
- Доказ за специјализација во тек од областа анестезиологија со интензивно лекување со завршена втора година
- Лиценца за работа
- Сертификати
- Уверение за државјанство
- Доказ за познавање на Англиски јазик (положен TOEFL)

### 3. НАЧИН НА ПРИЈАВУВАЊЕ

Кандидатите потребните документи да ги достават на адреса: Фондација ИЛИЈА КАМЧЕВ Скопје, ул Скупи бр. 5А 1000 Скопје

Конкурсот трае 10 дена сметано од 11.02.2012 година.
Документите на кандидатите кои се некомплетни или ненавремено доставени нема да се разгледуваат
За резултатите од Конкурсот кандидатите ќе бидат известени на домашна адреса и преку дневниот печат.